СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-365/41
25.01.2023 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

Почитувани советници

Прво да ве информирам дека денешната седница ќе биде емитувана во живо. Така да внимателност во однос на и на дискусии и на се друго.

За работата на 22-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажаназа денес.

Ја отварам седницата и на седницата присуствуваат сите 19 советници. Отсутни нема.

Констатирам декаима кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува за предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникод 21-тата седницанаСоветот на Општина Кавадарци одржан на ден 22.12.2022 година.

Дали има забелешки по Записникот на 21-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 21-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Констатирам дека е усвоен Записникот од 21-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата, но претходно, согласно член 59 предлагам измена на редоследот на точките на добиениот предлог дневен ред, заради обврски на претставниците од предожените точки и тоа:

Точка 30 -Измена на Годишен План за вработување за 2023 година на ООУ „Тоде Хаџи Тефов,, Кавадарци, донесен од директорот на ООУ „Тоде Хаџи Тефов,, Кавадарци, да биде точка со реден број 1, и

Точка 31 -Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на ООУ„Гоце Делчев,, Кавадарци за учебната 2022/2023 година, донесена од Училишен Одбор на ООУ„Гоце Делчев,, Кавадарци , да биде точка со реден бр.2,

и точка со реден број 9- Програма за работа на АД ГРК ТИКВЕШ 2014 за 2023 година, да биде последна точка, тоа е со реден број 40.

Кој е за вака изменетиот Предлог Дневен ред.

Констатирам дека е усвоен вака изменетиот дневен ред и одиме кон читање на денешниот Дневен ред.

1. Измена на Годишен План за вработување за 2023 година на ООУ „Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци, донесен од директорот на ООУ „Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;
2. Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година, донесена од Училишен Одбор на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци;
3. КварталенИзвештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 годиа-4 Квартал;
4. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2023 година;
5. Предлог-Одлука за донесување на Детален урбанистички план за УЕ 14, Блок 14.3 и дел од Блок 14.4, „ваташко игралиште„ КО Ваташа, општина Кавадарци плански период (2020-2025 година);
6. Предлог – Програма за вршење на дејност-оџачарски услуги во Општина Кавадарциза 2023 година;
7. Предлог-Одлука утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;
8. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.41/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;
9. Извештај за реализација на Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2022 година;
10. Програма за работа и финансов план на ГФК„ТИКВЕШ 1930„ АД Кавадарци за 2023 година;
11. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2023 година;
12. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци
13. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци
14. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ
15. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион –Тиквеш-Кавадарци
16. Предлог-Решение за разрешување на член на Надзорен одбор за контрола на материјално –финансиското работење на Јавно

претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

17. Решение за формирање Комисија за селекција на член на Надзорен одбор за контрола на материјално –финансиското работење на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
18. Предлог-Одлука за давање согласност наИнформација, донесена од Директорот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
19. Одлука за усвојување на ценовник за одржување на локални патишта на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци ;
20. Одлука за усвојување на ценовник за одржување на полски патишта на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци ;
21. Одлука за усвојување на ценовник за одржување на сообракајни знаци и столбови на територијата на Општина Кавадарци и за одржување на урбана опрема на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
22. Одлука за усвојување на ценовник за одржување на поплочени улици и прередување на гранитни коцки на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
23. Одлука за утврдување на висина на бод за исплата на плата на административни службеници вработени во ЈП„Комуналец„ Кавадарциза 2023 година, донесена од Директорот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
24. Одлука за утврдување на висина на бод за исплата на плата на административни службеници вработени во ЈП„ ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за 2023 година, донесена од Директорот на ЈП„ ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци
25. Одлука за утврдување на висина на бод за исплата на плата на административни службеници вработени во ЈП„ ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ за 2023 година , донесена од Директорот на ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ
26. Одлука за утврдување на висина на бод за исплата на плата на административни службеници вработени во ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци донесена од Директорот на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци
27. Предлог- Одлука за утврдување на максимален износ на вредност на бодот за пресметување на платите на административните

службеници вработени во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2023 година, донесена од директорот ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

28. Предлог-Одлука за утврдување на максимален износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2023 година, донесена од директорот ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;
29. Програма за работа за 2023 година на ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов Климе„ Кавадарци;
30. Измена на Годишен План за вработување за 2023 година на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци, донесен од директорот на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци;
31. Годишен извештај на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Кавадарци за 2022 година
32. Предлог План и програма на Комисијата за еднакви можности на Општина Кавадарци за 2023 година;
33. Извештај од Здружение на лица со телесен инвалидитет на Кавадарци-Мобилност-Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на денешниот дневен ред за денешната седница и тоа :

-Наративен и Финансиски Извештај за Нова година во Општина Кавадарци„Среќна нова 23-та„

Согласно Деловникот молам за произнесување на предложената точка на денешниот вака изменет дневен ред.Кој е за. Едногласно прифатена. Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се надополни со

точка 34 -Наративен и Финансиски Извештај за Нова година во Општина Кавадарци„Среќна нова 23-та„

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа :

Предлог-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на општина Кавадарци ;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред.Кој е за. Едногласно усвоена. Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 35.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа :

-Информација од ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена од директорот ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневниот ред.Кој е за. Констатирам дека е усвоен предлогот за предложениот Дневен ред да се дополни со точка:

36.-Информација од ЈП за јавни паркираишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,Кавадарци, донесена од директорот ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,Кавадарци

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа :

Одлука за усвојување на Ценовник за користење, одржување и реконструкција на мрежата за јавното осветлување на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка на денешниот дневен ред. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на денешната седница и тоа :

- Предлог-Одлука за примање донација движна ствар– 1 (еден) автобус од Друштво за производство, трговија, услуги и превоз "КАМ СМАРК" ДОО Кавадарци и давање на трајно користење без надомест на ЈП за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување на точката на ваквиот дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на денешниот дневен ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;

Согласно Деловникот молам за произнесување на предложената точка на дневен ред .Кој е за.Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на денешниот дневен ред за денешната седница и тоа :

Точка 40 .Програма за работа на АД ГРК ТИКВЕШ 2014 за 2023 година;

Дали има и други предлози, измени или барања за измена на вака изменетиот денешен дневен ред за денешната седница. Бидејќи нема предлогот го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена. Почитувани советници пред да пристапиме кон реализација на денешниот дневен ред од страната на нашиот колега советник, член на Совет на Општина Кавадарци Круме Богевски добивме советничко прашање. Тоа е. Ќе го исчитам во целост. Значи советничко прашање:

Почитувани Секторот за образование при Општина Штип изнесе поразителни статистички податоци дека второто полугодие за 81 ученик од штипските одновни и средни училишта не продолжи во Штип. Наместо тоа, тие образованието го продолжија во странство, каде нивните семејства се иселиле. Ве молам информациите преку Секторот за образование на Општина Кавадарци да ги презентирате податоците на престојната седница на Советот на Општина Кавадарци и тоа.

Кој е бројот на запишани ученици во учебната 22/23-та година во основните и во средните училишта во Кавадарци, а колку од нив образованието го продолжиле во странство. Со овие бројки и компаративно може да забележиме дека постои тенденција на иселување во Кавадарци како и останатите општини во Македонија, па ве молам и за коментар на тенденцијата во текот на престојната седница. Прашањето го поставувам писмено, затоа што бара претходна подготовка од статистички податоци. Почитуван советник истото прашање беше проследено до службите во Општина Кавадарци, од каде што добивме одговор. Тој одговор се надевам дека е испечатен и е доставен до сите советници. Така вашето прашање во однос на барањето до администрацијата општинска е лиферувано, истото е извршено увид во сите основни и средни училишта и е доставено до сите советници. Дали сте задоволен колега. Еве добро и јавноста да го знае. Само да го исчитам.

Значи Почитувани советници, почитувана јавност. Во однос на испишаните ученици од основно и средно образование за учебната 22/23 –та година второ полугодие во Општина Кавадарци заминати во странство, од страна на основното

училиште се, се на се 30 ученици, а од страна на средното образование се заминати 6 ученици. Со тоа што основното и средното образование второто полугодие на територијата на Општина Кавадарци заминати во странство се се на се 36 ученици. Значи во однос на бројката што беше лиферувана од Општина Штип каде што се 81, Општина Кавадарци во однос на иселувањето бележи прилично, прилично, така поголема тенденција на помало заминување во странство на нашите ученици. Значи во однос на вкупен број на ученици моментално до 01.09.22 година имаме 3129 ученици во основно образование и во средно образование 1428 ученици. Тоа е едниот дел, и во однос на другиот дел, во текот на изминатата година некој начин на функционирање пред се во секторот на култура добивме различни размислувања, и беа прифатени во однос на одредени манифестации културни, да се вклучи во поголем ангажман пред се Советот, пред пуштањето на Програмата на самите културни манифестации во тој правец е од страна на Секторот за култура и јавни настани од општинската администрација е дадено известување до Советот на Општина Кавадарци и Претседателот. Тоа е следното ЗначиОпштина Кавадарци традиционално во однос на наредната културна манифестација Св. Трифун има за цел една поширока расправа за тоа на кој начин и во која форма да се формира наредната културна манифестација Св. Трифун. Токму во тој правец е планиран работен состанок, кој е предвиден за ден 30.01 23 година, а тоа е понеделник во 12 часот и сметаме дека сите ваши идеи, сите ваши предлози за поуспешно и подобро реализирање на овој настан би било од корист. Така да тој работен состанок почитувани би се одржал на 30.01. понеделник во 12 часот, па така да сметам дека ќе има одредени плодни идеи кои апсолутно ќе се инкорпорираат во следната наша културна манифестација на општинско ниво која ни престои. Тоа е 14-ти Февруар 23-та година, празникот на Општина Кавадарци, светиот маченик Св. Трифун. Тоа е тоа.

Со тоа можиме да поминиме на првата точка од денешниот Дневен ред.

1. Измена на Годишен План за вработување за 2023 година на ООУ „Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци, донесен од директорот на ООУ „Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;

Дали има некој барање за збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

2. Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци за учебната 2022/2023 година, донесена од Училишен Одбор на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци;

Почитувани дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена. Да им се заблагодарам на присутните менаџери од двете основни општински училишта. Пристапуваме на третата точка на денешниот дневен ред.

3. КварталенИзвештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 годиа-4 Квартал;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Маневски.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Бројките кои што се прикажани во Кварталниот Извештај се одлични, но дали е тоа само на хартија или не е, прашање е. Затоа што од страна на капитални и крупни инвестиции не гледаме скоро ништо како што беше ветено во Предизборната кампања, како што е бесплатен оброк за секој ученик, изградба на заобиколница, 3Д кино, доградба на спортска сала, дестилерија, Дом за стари лица, стационар за кучиња бездомници, трговски центар. Ова се дел од ветувањата, а на сметка на тоа покрај бомбастичните најави дека ќе бидеме прва општина со бесплатни градинки, ние станавме прва општина која што ја зголеми цената на градинките на 2000 денари. И не само тоа. Имаме високи цени за градскиот јавен превоз и една од највисоките цени за градски паркинг. Затоа сметам дека бројките се добри за прикажување и во однос на процентите на реализација, меѓутоа во реалноста е нешто сосем друго. Благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател на Совет, советници, почитувани сограѓани. Не ни очекував нешто поинаку да се каже од советничката група на СДСМ и добар е тоа за мене да не ме фалите многу, пошто мислам дека така повеќе ќе губам, вака е ок цела ситуација. Значи кажа бројките се добри на хартија, како операција успешна, пациентот мртов, така нешто да го класифицирате. Не е точно. Капиталните објекти, капиталните инфраструктурни проекти може да си ги видите и прочитате во Отчетот на Градоначалникот и на Советот на Општина Кавадарци за 23-та година, а машала ги има многу така, едно 90 страници е Отчетот. Во делот на она што го зборувате, јас мислам дека на последната седница, ако сте заборавиле добро образloживме и си земавме за обврска да работната група функционира, сите училишта се ревидирани каде што можиме да служиме и носиме

храна и тоа ќе значи дека како што кажав последниот месец од работната односно.........оваа година, знаете зошто го извадивме лани. Заради непродуктивните трошкови во делот на насоките од Владата, јавниот превоз гордост е на Кавадарци, мислам дека треба и вас да ви биде гордост што успеавме во таа работа. Еве препишете си ја ваша, наша, заедничка успех е. Цела Македонија не пофали, сега тука викате нешто скапичко, евтино, не знам како. Дај боже да почнат граѓаните да го користат помасовно, самите граѓани ќе помогнат цената да се симне. Не знам дали пратите и читате економија. Денеска поштата раководена од вас како СДСМ поштарината е качена со 30%. Значи тенденцијата на покачување не ја измислувам јас, ја измислуваат трошковите. Ние не сакаме да профитираме едноставно тоа претпријатеие треба да биде ликвидно и да дојдиме до една позитивна 0 и да имаме квалитетен превоз и безбеден за секое дете или за секој патник. Превозот мислам дека нема потреба да му даваме негативна конотација уште на почетокот, ќе биде благодет од сите. Така да еве и последна точка имате донација на автобус од Кам - Смарк како компанија која што се занимава со превоз и е моќна и дава автобус донација, подршка за јавниот превоз да биде на максимално ниво, поздравено од сите. Во делот на заобиколницата сега како да ми ставате жар на стомак. Заобиколницата Општина Кавадарци не може да изграде. Јасно и гласно кажувам, не може да изграде. Тоа е проект 14 000 000 евра. 14 000 000 евра. Тој проект е регионален пат, ќе го користат регионално поврзување меѓу Прилеп, Кавадарци, Велес, граничниот премин Пуљевац. Значи регионалниот пат Кавадарци, односнно заобиколницата ние може да ја инцијактираме да бидиме во корелација со ЈПДП, со Министерството за транспорт, со Влада. Тоа е стратешки капитален објект. Сега како да речиме Општина Росоман експресниот пат да го изграде. Не е нејзина обврска. Тоа е на државата обврска и така треба да биде. Во делот на дестилеријата истото го зборувам. Значи дестилеријата е потребна, имаме неколку солуции, разговараме со Министерството за земјоделие. Верувам дека за Св. Трифун ќе се видиме и со дотичните ресорни министри и кој друг ќе дојде од Владата и пак ќе го разговараме за дестилеријата. Дестилеријата е неопходна работа и за мене и за тебе и за Владата и за сите граѓани. Апсолутно тоа не е само за Општина Кавадарци. Тоа е регионален проект за цела Тиквешија што треба да го завршиме за понеквалитетното грозје или вишокот да може да го дестилираме. Една од опциите која што ја нудиме ние, ако има подобро решение

ќе го прифатиме и тоа. Не бегаме од обврските, не бегаме од ништо, секојдневно работиме, стои 2% е буџетот реализиран. Никогаш како досега. Над 550 000 000 сопствени средства прибрани и инвестирани во делот на капитални инвестиции. Само за потсетување, знаеш како викаме да се вратиме малку и назад и да видиме што било пред 3 години. Оваа бројка што ја слушнав сега дека 36 деца се иселени во второ полугодие мене ништо не ми значи. Дај да направиме анализа 3-те години последни колку било иселувањето. Ако било по 15 деца, а сега 36, нема да се споредуваме со Штип, него ќе се спoредиме дека 100% тенденцијата е зголемена кај нас. Така и ова, 550 000 000 буџет советниче. Ние имавме 180 000 000 буџет пред 3,5 години, не пред 30, пред 3,5 години . Една од најуспешните општини. Второ во делот со Светска банка јас затоа ве повикувам секогаш да учествувате и добро е да учествувате, беа во понеделникот луѓето, сме избрани една од најдобрите општини во делот на регулирањето, означувањето и во делот на безбедноста на сообраќајот. 21-ва година немаме ниедна жртва, за жал лани имаме 3 жртви, а тоа е на минимално ниво во однос на другите општини. Тоа е благодарение на тие 55 000 000 денари што ги земавме во претходниот мандат за реконструкција на сите улици, булевари, решавањето со кружни текови, решавањето со семафори, одбележувањето, означувањето и стабилизирањето на сообраќајот и нормализирање на паркирањето. Паркирањето воопшто не е скапо, а кога зборуваме за јавен превоз треба да ги мериме работиве и од една и од друга гледна точка. Вчера објавивме повик за фотоволтаици за граѓаните, она што го зборевме. Прва општина во Македонија. Иницијатива сега имаат во Скопје екологистите до Град Скопје да даде субвенции за фотоволтаици, изгледа некој од кај нас му шепнал, му кажал да пуштат. Година дена ги зборуваме фотоволтаиците. Така да ние сме во тренд. Во тренд сме, активни сме сите, службите ни се активни, ЈП-ја ни се активни. Прошетајте, видете во другите градови. Не сакам никој да критикувам. Прошетајте видете во која состојба се градовите. Мислам дека добро движиме. Благодарение пак ќе кажам на сите советници и на вас и на мнозинство и на опозиција, не ве гледам како такви. Едноставно прва седница е оваа година. Дај да го развиеме Кавадарци во прав правец. Тоа ќе остане, тоа ќе се зборува после извесен период. Сами знаете работите во државна институција, со какви проблеми се соочувате, со блокирани сметки, со проблем да не може да се плате струја. Еве клиниките и здраствените домови требаше да имаат субвенционирана струја како училиштата, не ја

добија. И Владата не е семоќна секаде да може да учине. Така и Општината не е семоќна, али клучното и она што го гарантираме за граѓаните ние ќе го овозможиме. И најбитно од се, безбедноста, заштитата на градот и она што Општината го има како основна дејност. Ние не плачиме, него ја спроведуваме на дневна основа. Не рековме ќе го исклучиме уличното осветлување, не ни даде државата повластена цена на струја. Ниеднаш не сме спомнале да исклучиме. Никогаш нема да ја исклучиме, ама ќе најдиме начин тоа да го платиме. Е сега фрли ли пари во ветер по нереална цена на струја, стварно што е нереална цена на струја повлекуваат други импакти, кај што ќе намалиме од други ставки на самиот буџет. Благодетот е тука, храната ќе си ја добијат децата, сите проекти ќе ги тераме. Ова за во делот на заобиколницата еве јас ве повикувам сите заеднички, заедно со вашите структури, со ЈПДП, со Министерството за транспорт и врски да ни помогните, да си помогниме да ја направиме заобиколницата. Прилеп не издејствува заобиколница Градоначалникот да ја направе, без Владата, без министерствата никој не може да направе заобиколница. Така да тука треба заедничка одговорност да си земиме и да се вклучиме да ја направиме. Нема да ја препишам како моја заслуга лична. Нема резон за тоа да го правиме. Тоа е за Кавадарци. Граничниот премин може ли сами да го направиме. Не може на пример. Патот за Мајдан. Не можам. Регионален е. Мораме да аплицираме и да се бориме заеднички да добиеме што повеќе средства. И во ова што ти спомнав дека сме како Општина тангирани, најдобри во делот на сообраќајот веројатно ќе добиеме 260 000 евра грант комисиски, мислам дека ги формираа комисиите, грант за домодернизирање и усовршување на соообраќајната сигнализација и сообраќајот во делот на самиот град, пошто на Светска Банка целата цел крајна и е не само да ги реконструира инфраструктурните улици, патишта итн. него вика со секоја реконструирана улица дига 3% брзината. Со тоа има ризик толку. Значи работат луѓето на детали за да бидиме заштитени во делот на градот. Така да мислам дека тука конструктивни треба да бидиме и оваа година да успеме да добиеме некакви такви средства и за заобиколницата и за граничниот премин.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани граѓани на Општина Кавадарци, Претседател на Совет, колеги советници, Градоначалник, медиуми. Во однос на буџетот како и реализацијата која што ја гледаме преку Кварталните извештаи во суштина прикажува и

една слика на тоа како функционира една општина во една да кажам календарска година. Од она што можеме да го видиме од страна на реализацијата на Кварталниот извештај, односно реализацијата на буџетот, а гледаме дека имаме големи на пример издатоци во делот на исплата на плати и Градоначалникот тука се сеќавам на првата седница спомнуваше некакви си меморандуми за замрзнување, односно за невработување на лица во Општината, меѓутоа гледаме дека од година во година и бројот на вработените во Општината се зголемува и издатокот кој што го даваме финансиски во однос на плати се зголемува и изнесува денес 61 000 000, односно тоа е 1 000 000 евра и плус ако на тоа ги додадиме и овие трошоци кои се дел преку Агенција, овие со договори на дело, односно на определено време, Агенција за времени вработувања. Тоа е едниот момент во делот на расходната страна. Исто така во делот на расходната страна, постојано се вели дека во однос на пример на детските градинки, пак ќе ги спомнам, на пример Општина Валандово нашите финансиски средства и ги обезбеди бесплатна градинка за секое дете. Бесплатна градинка за секое дете. Ние за цена на тоа не само што не обезбедивме бесплатна градинка, туку ја зголемивме цената. Општина Кавадарци ја зголеми цената за партиципација за децата во детските градинки, а ние можевме тој процес да го почниме оваа година со ослободување на дел од дечиња за плаќање на партиципација за детски градинки и да стигниме до ова, до кај што стигнале во оваа општина. Трета работа во делот на оброкот. Не е проблем дали ви веруваме. Тоа не работа на доверба. Тоа е работа на документи. Вие како велите се си пишува во документите. Во буџетот кој што го гласавме минатата седница на Совет немате предвидено финансиски средства за да реализирате оброк за секое дете. Немате планирано. Значи таа работа е неизвесна дали ќе се реализира и кога ќе се реализира. Значи оброк за секое дете немате. Спомна и Павле во делот на пр. капиталните расходи. Во однос на капиталните расходи сте давале одредени ветувања. Сега се реферирате малце, се повлекувате и велите ова не е моја надлежност и сме разговарале неколку пати дека ако нешто не е во нечија надлежност, се предлага во програма тогаш кога се кандидирате на избори, кога истото можете да го решите, а не на локални избори кога не можете да решите одредена работа. Мислам дека од капитален аспект сем пробивање на неколку поплочувања на одредени улици немаме ништо направено, мислам голем капитален проект во Општина Кавадарци, кој што е финансиран

од страна на буџетот на Општината. Единствено пазарот кој што е реализиран со кредит, со задолжување. Јавниот превоз тоа беше наша инцијатива за јавниот превоз и добро е што има Кавадарци јавен превоз, добро е што децата и учениците имаат организирано од страна на Општината јавен превоз и на учениците и јавен превоз на граѓани, меѓутоа тука нашата забелешка тогаш беше дека не треба да се оди со купување на автобуси на лизинг, односно повторно на задолжување, заради тоа што постојано си ги трупаме долговите на Општината кои што треба да се враќаат во наредниот период. И отприлика јас би имал сега за сега толку.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Советниче морам да те дополнам во излагањето. Сега ние немаме пари за автобус, а ти викаш да ги купиме. Како да ги купиме. Значи нема пари едноставно да ги купиш тие автобуси од 700 000 евра. И тогаш рековме многу порационално и подобро е да си ја земиме на лизинг. И на крајот од денот јас ја носам таа одговорност према граѓаните. Мене ми ја дадоа довербата и јас одговарам за тоа задолжување. Општина Кавадарци не е задолжена општина како што викавте вие лани дека е готово, колапс, крај светот, готово. Не е задолжена општина. Капитални инвестиции немало. Пазарот сами го спомнавте, бил задолжение, добро де. Што е проблемот. Ете пазарот функционира. Под пазарот имаш улица нова пробиена, 40 години ја чекаа, над пазарот Зелен Пазар улицата реконструирана, салата во Ваташа од наши средства направена спортската, Западен Булевар комплетно пробиен, завршен 24 000 000 денара. 40 години го чекаа. Лазо Асијата пробиена, завршена, тампонирана. 20 000 000 инвестиција. 25-ти Мај со Младост и со Његош отпочната од работа. 16 000 000 денара инвестиција. Ами колку мислите вие. Не сме ние Влада. Тија е буџетот. Тоа не е малку. Кога се правело повеќе. Башка да не ги зборувам реконструкциите на улиците кои што ги направивме. Е сега ако вие сакате да укажете на една работа, кога ќе дојде Градоначалник напрајте критериум тогаш за кампања. Вие мене ќе ми ззбраните во кампања јас да менаџирам и да кажам дека ако јас бидам Градоначалник, имам успех и авторитет и интегритет да земам од КВФ Банка 2,5 000 000 евра грант. Моја заслуга е тоа. На тимот од Комуналец заслуга е. На вработените. На сите. Не е ваша заслуга. 2,5 000 000 евра грант. Цел град се реконструира со атмосферска. Ако не е во моја надлежност, ама се бориме. Не можете да ми кажете и да ми забраните јас во кампања да одам и да речам Јас ќе ја притискам Владата и ќе барам да направе заобиколница. Кампања е тоа. Нормална работа е дека ќе ја

притискам Владата да направе заобиколница. Кај ќе ја праве заобиколницата. Во Теарце. Ќе барам граничен премин. Сограничам со Грција. Од Владата ќе го барам граничниот премин и на крајот од делот составен дел на Владата и на Министерството за локална самоуправа се Локалните управи. Тоа нормална работа е. Не е нешто да јас сум ставил во програма, ќе барам од Р. Српска. Не бе од Владата на Р. Македонија ќе го барам тоа. И тоа е многу легитимно. Така да Градоначалникот не треба да е ограничен и да гледа до Маренски Уши, до Неготино и до Ваташа. Малку пошироко. Не гледам тука никаква измама или нелегитимно што сум барал во програма да направе ја Владата заобиколницата. И ќе ја направе. И на трепки ќе му застанам и ќе квичам и ќе плачам и ќе молам и која сака нека бидце Влада, ќе барам пари за Општина Кавадарци. Затоа што таа Влада, кој и да ја воде Општина Кавадарци ја полни централната сметка на Владата. Со 3% невработеност и втора општина по БДП. Сега дај да бидеме реални. Треба да се вратат назад тие средства и се враќаат. И нормална работа. Е сега Владата зима 55 000 000 задолженија за канализации и за вода. Од тие 55 000 000 евра ќе има критериуми колку ќе следуваат за Општина Кавадарци. Така да во тој дел не сте во право дека не треба да се бориме за проекти кои што не се само наша надлежност. Затворениот базен. 2 години се молевме, ја изгуравме работата, еве го, тендериран е во моментот. Дај боже да заврши тендерот, ќе се направи. Домот за деца со посебни потреби. 7 месеци земјиште, мемиште го завршивме, во постапка сме и со Министерката и со пратеници и со сите, ставен е во програма на МТСП преку кофинансирање од Светска банка и ќе се направе и Домот, А за 24-та година уште сега инциајатирам и дадов налог да се пуште проектот, да се работе, пошто ДУП-от е донесен и ќе бараме од МТСП да не ставе во Програма за изградба на Старечки Дом. И не само тоа. Ќе бараме да не стават во Програма за изградба на уште една социјална зграда. Тоа се програми на државата за општините. Социјална зграда, имаме маркица за уште една, знаете добро и таму треба да се изграде 24-та, 25-та социјална зграда. Затоа што имаат потреба жителите на Општина Кавадарци од таков капитал, кои што некои немаат домување. Во делот на Црвен Крст реконструкцијата се праве, во самиот дел на Црвен Крст тендерот е поминат, се работе, 3 апартмани за луѓе кои што се погодени во делот на не дај боже од незгоди, пожари, несреќи итн. Водоводот за Брушани, да 500 000 евра ги одобри ТАФ преку Владата, уште 7 000 000 ги одобривме

од Општина Кавадарци за третата фаза да ја завршиме. Третата фаза се завршува до Брушани и плус сега го тендерираме Ресавски Залив. 750 приклучоци. Советниче 750 приклучоци Општина Кавадарци не памте кога направила 10 години уназад. Не памте. Тоа е 10% од вкупите приклучоци во Општината, екстра ги правиме сега. 10%. Има проекти, има се. Гледајте ги убаво, радувајте се на нив, ќе останат за граѓаните и за нашите деца.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник сакам само на вашиот разговор да се надоврзам и едно искуство да споделам со советниците и со јавноста. Овие проекти што беа за социјални згради у претходни 2, 3 мандати јас бев иницијатор и тоа е покажано како недобар проект, ради тоа што социјална зграда правиме, ги трпаме социјалните случаеви во една социјална зграда. Сега и овие деца со посебни потреби ги даваат во домови да се во средина со сите други. Попаметна работа е да барате во неколку згради да има по еден, два социјални стана, да не се осеќаат тие луѓе како посебна категорија. Иако имаме социјален стан еден во зграда кај што живеа други 20 фамилии, се помагаат меѓу себе и човекот не се осеќа социјален. Ова иде како недобра комбинација. Искуството тоа го покажало. Можеме да најдиме начин во овие наши згради во Кавадарци, 20, 30, ако треба да инвестира државата во станбена зграда да купи од постоечките згради по еден, два стана во секоја зграда и да бидиме еднакви сите. Тоа како искуство лично го имам доживеано. Бев иницијатор за социјална зграда во времето на Бучковски кога беше премиер и не излезе добро. Стави го во забелешка и ако имаш сила горе пренеси го.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Разговарано е тоа со Министерката, не само со оваа, него и со претходните министри. Значи социјалната зграда се наоѓа во една фатално лоша, лоша состојба. За жал критериумите за внесување и давање на социјални станови се такви како што се, меѓутоа контролата после давањето на становите е никаква и тие се под надлежност на МТСП и испадна проблем дека таму несоодветно се користат самите објекти. Идеата ти е добра и во Европа е така. Не ги делат социјалците во една зграда, да. Таму двајца, таму тројца, ваму пет души, меѓутоа јас еве тука не можам да одговорам на тоа прашање затоа што сепак според законите и според правилниците на Министерството можеме да го сугерираме ова и добра ти е забелешката да се сугерира, пошто во зграда од 20 стана ако има две социјални категории многу полесно ќе поминат него 20 да бидат сите социјални, а и не

го зимајте во обзир само социјалниот момент дека тие се непримерни луѓе или недобри. За жал има луѓе кои се социјална категорија, а се примерни и угледни граѓани на Општина Кавадарци, што стварно заслужуваат да имаат дом. Од икс, икс причини некои останале без родител, некој останал без куќа итн. така да добра ти е идејата, можеме да побараме за таа работа размислување доколку постое воопшто во законската регулатива или можност.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Не мисли дека се недобри луѓе. Тие се луѓе загрозени од некој основ, било каков и сега ти го ставаш во социјална зграда, сите што немат и они имат проблем од тоа што немат и сега ако го ставиш во зграда кај што има 20 фамилии други, некој ќе му фрле алиште, некој јадење и човекот се едуцира и децата заедно одат на школо, се дружат и се дига нивото не дека се тие луѓе социјален случа, со нив јас цел живот сум бил, не делам од тебе ништо што не си социјален слушај. Значи ние сме рамноправни него оној што е помоќен го помага социјалниот случај и се друже, се едуцира, да не го омаловажиш, инаку физички и умствено има различни категории и кај богатите и кај сиромашните. Значи идејата ми е од искуство и од тоа што го доживееавме дека не е добра таа комбинација. Ако се може, може ако не, не е никаков проблем.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Во однос на враќањето на средствата кои што ги спомна Градоначалникот. Точно е дека централната власт враќа средства во општините и не само во Општина Кавадарци, туку и во сите други општини низ Македонија. Јас пред неколку дена видов еден податок дека во цела држава се изградени околу 70 детски градинки, кои што ги граде МТСП, меѓу која и детската градинка овде во Општина Кавадарци. Од страна на централната власт се реконструирани голем број на улици овде во Кавадарци. Исто така кој што е проект на Министерство за транспорт и врски и кој што финансира проекти по дифолт и ги дели по дифолт низ цела Македонија и низ цела општина без разлика кој е градоначалник. Значи во однос на враќањето итекако се инвестира и се враќа од страна на централната власт и мислам дека тоа е убедливо. Во однос на кредитите јас не сум зборувал никојпат дека Општината е во колапс, меѓутоа тенденцијата на која што оди Општината е да таа се задолжува и да ги задолжува јавните претпријатија кои што се формирани од нејзина страна. И тоа може да го видите во Кварталниот Извештај К3 каде што имате одредени кредити. 2018 година сте немале. Сега лесно е и така да земете кредит и

да изреализирате се, утре треба некој да ги враќа. ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас кога дојдив Градоначалник имаше 60 000 000 кредит.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Градоначалник не е коректно да ме прекинувате.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Само да те дополнам бидејќи не си информиран. Значи јас тој кредит го враќам, зимам нов. Значи тоа е.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Јас мислам дека само Претседателот на Советот на Општина Кавадарци може некој да прекинува и да одзема збор и да има копче каде што на секој ќе му дава и одзема збор. Вие Градоначалник како Претседателот на Совет во Скопје. Шала не се лутите. Во однос на кредитите. Вие минатата година ако не почнавте да ги враќате доспеаните, а неплатените обврски кон фирмите, оваа година ќе имавте проблем со пријавување од страна на фирми, бидејќи фирмите гледаат која општина ги сервисира редовно обврските, а која не, а минатата година, минатите две години имавме и во тој дел тенденција на натрупување на обврски и ќе се соочевте со проблем на нормално функционирање на Општината и добро е тоа што во тој дел на пр. долгот е намален. Трета работа. Салата во Ваташа спомнавте. Јас одамна сакам ова прашање да го поставам. Мене ми беше искрено нелогично МОН гради спортска сала во ОУ Страшо Пинџур кое што е со површина од 650 м2 во вредност од 23 000 000 денара. Во Ваташа се гради спортска сала за 19 000 000 денара, а спортската сала е со големина од 400м2. Мене не ми е јасно како е тоа можно. И не навлегувајте дека цените биле зголемени, заради тоа што тендерот кога е распишан и кога е почната процедурата се совпаѓа со периодот пред да почне светската криза и наглиот пораст на трошоците за материјали. Во однос на локални избори, вие утре може да бидете и кандидат носител на листа, кандидат за Министер во Влада и пак да ги ветувате истите проекти и тогаш имате легитимитет тоа да го правите, меѓутоа од позиција на локална власт, за работи за кои знаете дека однапред дека не можете да ги реализирате туку треба да ги реализира централната власт, мислам дека е изборна измама и ги лажеме луѓето и граѓаните кога му обеќаме одредени проекти, кои што не се под наша надлежност. И сега во оваква ситуација каде што централна власт е една политичка структура, а локална власт е друга политичка структура, вие си играете многу лесно и велите Па види ако успеам да го реализирам јас сум добар, јас сум менаџер, јас правам проекти, ако не успеам да го реализирам го

фрлам кабаетот на централната власт и така функционирате низ цела Македонија. И последна работа во однос на најдобар, најдобар, најдобар јас знам дека тоа ви е пијар мантра и на истиот начин функционираше и Груевизмот. На истиот принцип функционирате и на истата мантра.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Претседателе ако дозволиш пошто бев повикан за спортската сала, а тенденцијата беше дека веројатно криминал има таму. Таква е тенденцијата на прашањето и јас те повикувам да направите пријава и да се направе ревизија комплетна на изградбата на спортската сала и по цени и по количини и по се. Знаеш како тоа. Јас купив патки 45-ка за 100 евра, а вија купил 42-ка за 90 евра. Градбата на спортската сала во Ваташа кошта поскапо од градбата на спортската сала во Страшо Пинџур пошто тие се типски спортски сали, а ваа спортска сала е наменета само заради да ја вклопиме во склопот на тоа земјиште по обем и габарит и е правена со тврда градба, со ѕидање со цигли и со сите работи која што кошта многу повеќе од панелната конструкција. Ако има сомнеж јас сум прв што сакам да се ревидира и да се направе. И само уште ова советниче пошто веројатно не сте кординирани добро со централната власт. Нели Претседател си нели на ова централната власт. Нели си член. Вика сопштение од Министерството Министерката од МТСП Јованка Тренчевска, прекрасна жена, неодамна даде предлог до Советите на општините да се разгледааат предлози на одредени покачувања на партиципација на градинките, со оглед на поскапувањето на храната и на енергенсите, но да се земат во предвид и приходите на семејствата, така што тие што имаат поголеми плати да плаќаат повисоки сметки на градинката, посочи дека е ниска и непроменета 20 години партиципацијата. Еве од Министерката апел. Значи пред нив сме биле. Нема на оваа денешница г-дине Советниче ништо. Ништо нема без пари. Они само партиципираат.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник, колеги советници, администрација, медиуми, граѓани. Значи добро е што се слагаме сите дека бројките се добри во Кварталниот Извештај. Значи го кажаа и претходно советниците и Градоначалникот. Јас сметам дека не само што се добри, туку бројките се одлични. Ваква реализација од 98, 99 или 100 % нема сигурен сум ниту една општина. Значи накратко само ќе се осврнам каде што вкупно тековните оперативни приходи се планирани во износ од 382 345 000 денари, а нивната реализација е 374 138 000 денари или 94,4 %. Вкупните тековни

оперативни расходи се на износ од 290 984 000 денари планирани, додека реализацијата е 269 161 000 денари или 91,6 %. Во делот на Капиталниот Биланс, вкупните капитални приходи се планирани во износ од 162 888 000 денари, а нивната реализација е 169 364 000 денари или 103,9%. Вкупните капитални расходи се планирани во износ од 254 449 000 денари, а нивната реализација е во износ од 246 573 000 денари или 96,5%. Тука сакам да нагласам во капиталните расходи бројки кои што исто така ги забележав и кои се за пофалба се Други градежни објекти, значи градежни објекти реализирани во градот, планирани од 194 447 000 денари, се реализирани 189 781 000 денари, 97,6%, изградба на улици и патишта од планирани 134 517 000 се реализирани 128 899 000 денари или бројка од 95%. Исто за пофалба е. Па некои бројки кои што стварно не треба да имаат реализација и добро е што Општината се воздржала од такви непродуктивни трошоци каде што е купување на мебел, купување на канцелариски мебел има 0 реализација. Сакам да кажам врз основа на моменталната изградба што ја гледаме во градот, знаеме Бел Камен 5, Бел Камен на улиците, Западен Булевар прва и втора фаза реализација, Дисанска улиците или 25-ти Мај како се викаат таму, значи знаеме пробивање нови улици, спортски сали, детски игралишта нови низ градот. Добро е што значи се реализира овој буџет Квартален кумулативно и гледаме дека реално високото ниво на капитални инвестиции се видливи за граѓаните, односно, насекаде во секоја урбана заедница има голема изградба и не само реконструкција на улици, туку пробивање и нови улици што некогаш сме можеле да ги замислиме како Лазо Асијата моментално, или Западен Булевар, а денеска се реализираат. Исто за пофалба е Кварталниот Извештај за достасани, ненадмирени обврски каде што јануари сме го почнале со обврски ненадмирени од 12 681 000 денари, додека во 31 декември обврските на Општината се 9 151 000 денари или може да се каже без обврски. Тоа се некои ф-ри што достигнале нели и веднаш секако не може да платат. Значи на Општината обврските кон сите добавувачи и се надмирени. Во делот на кредитите што ги спомнавме, знаеме дека и државата и Општината сите земаат кредити, но кредитите се битни дали се продуктивни ил непродуктивни. Тука можеме да забележиме сите кредити се за капитални инвестиции. Општината има земено кредит за булевари преку Министерството за финансии, кредит за пазарот, Зелен пазар, ЈП Комуналец за КФБ прва фаза и втора фаза реконструкции, заради реализација само да напоменам, бидејќи јас сум во

Комуналец, значи заради добра реализација на КФБ прва фаза, прв чекор и прва фаза втор чекор заради тоа се доби после и грантот што сега ја гледаме изградбата од 2 200 000 евра заради добра реализација и добро планирање и реализирација на првите два кредити и набавката на опрема што зема нови возила Комуналното претпријатие и изградбата на Хидро централата 5. Значи се вложи баш таму каде што треба. Сакам да напоменам дека во кредитите доколку ги гледаме секаде има намалување, односно Општината и ЈП кредитите редовно си ги сервисираат и ги намалуваат. Сакам да напоменам кредитите само каде што нема грејс период, значи реконструкцијата на улици Општината каде што земала кредит од 62 000 000 денари, сега моментално обврската е само 54 000 000 денари. Значи редовна исплата на обврските. ЈП Комуналец набавка на опрема што земало за Хидроцентралата од 19 129 000 моментално има обврски од 16 573 000 денари. Комерцијална Банка кредит кај што се зема за нови возила, нови дејности, значи кредит се зема во износ од 20 000 000 денари, останат е кредит од 6 000 000 денари. Битно ми е да кажам дека сите обврски односно кредити коишто ЈП Комуналец и Општината ги има земено и се задолжено редовно се сервисират и сите се за добробит на граѓаните, односно за капитални инвестиции коишто секојдневно му помагаат за нивен подобар секојдневен живот.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Од место јас. Градоначалниче кон вас ми е прашањето. Спомнавте многу проекти и во насока на тоа сакам да ве прашам дали сметате дека е пропорционален развојот на руралните средини во Општина Кавадарци, и во Град Кавадарци и да се надоврзам и на тоа прашање, заради тоа додека траеше седницава и спомнавте многу проекти имам и прашање од граѓани кои што се заинтересирани за инвестиција во овој предел Дали постои план за рехабилитација, изградба на патот до Галиште во насока на рурален развој на тој предел. ГРАДОНАЧАЛНИК Благодарам советниче на прашањето. Дали е рамномерен буџетот во делот на урбаните заедници и месните односно, селските средини рурални. Тука ако речиме по број на жители. Да рамномерен е, она што живеат жители рамномерно. Во Конопиште 30, таму толку итн., меѓутоа ние како Општина за 23-та година мислам дека и заедно со вас советниците и со сите урбани и месни заедници разговаравме и оваа година имаме прилично многу голем буџет 3,4 пати повеќе од прошлата година за руралните средини. Така да во тој дел веќе затоа што градската средина се

среди, се дигна нивото на градот, со реконструкцијата на улиците, со пробивањето на тие хронични улици што беа 40 години непробиени, со регулирањето на сообраќајот, со правењето на атмосферските, со 90% реконструирана водоводна мрежа во ЈП Комуналец, со изградбата на колекторот, не заборавајте, колекторот беше до Новата болница сега е изграден до Марена комплетно и со сите тие работи кога се завршија, нас ни остануваат капитални објекти во Општина Кавадарци, во делот на потребата на граѓаните да ги завршиме и сите други средства ги насочивме во делот на руралните средини, примерно во Бохула се изгради една делница од километар ново асфалтирање. Таму сега се оде со доградба на канализацијаи доградба на патотот до Чемерско, Тија и сега се оде до Чемерско. Влезот на Чемерско го аплициравме преку Вардарски Плански Регион и тој ќе се реконструира комплетно. Чемерско внатрешно како село е релативно добро сработено. Неколку села побараа да имаат преку ЈП Комуналец акумулација на вода од самите изворишта, пошто имаа моменти на рестрикции на вода. Сега не знам за кои села точно стануваше збор, имаме набавка на 4 цистерни по 30 м3 за да имаат континуирано снабдување со вода, канализационите системи се во две села за реконструкција и изградба и во делот на патната инфраструктура, за Галиште го ставивме оваа година да го пробиеме патот еднаш со машина, со теге и делумно го тампонираме за да може да се стигне. Мојата тенденција како Општина верувам и вашето залагање во идно време и пак ќе го спомнам, тоа што го спомнав и на претходната седница, дај боже да стигниме до тие предпристапни фондови, проектите ни се изготвени, за сите села направивме проекти во делот на сообраќајното движење до селата и за асфалтирање на сите патишта до самите села. Така да понатамошното наше залагање ќе биде неприкосновано во делот на секое село кое што има перспектива и можност да се развие да дојде и до асфалт. Не е тоа многу да речиме виртуелно или не е незамисливо, пошто нашите села над 60, 70% се асфалтирани поголемите. Тука станува збор ако можеме, не ако можеме, него сигурно можеме во наредните 3 години до Кошани да го асфалтираме, да го асфалтираме патот ќе треба до Гарниково комплетно, овде рехабилитации кај што имаме во делот на Бојанчиште, Куманичево. Исто така за Куманичево мислам дека ставивме 3 000 000 денара за изградба на премин преку реката, да не правиме мост со инжинерско решение со проект, се решава со цевки кој што му е неопходен за да може да стигне до самото село. Така да парцијално

ќе стигниме до асфалтирање до сите села кои што ги имаме поголеми. Не ги спомнав сите да не должам. Значи нашата цел е да до секое село стигниме со асфалт, а оние села кои што веќе имат асфалт, имат и инфруструктура во 23-та година се ставени во програма како Возарци комплетна реконструкција на канализационата мрежа, атмосферска канализација и асфалтирање на главната улица. Дреново по асфалтирањето на патот е ставено за изградба на спортска сала и потреби за месната заедница канцеларии, изградба на градинка за 23-та и изградба на фудбалското игралиште. Сопот изградба на спортска сала и детска градинка. Марена спортска сала. Глишиќ ни е ставено во делот за градинка. Така да нашите села по надминувањето на основните потреби, вода, канализација и асфалт, веќе во некои села одиме на ниво да дигниме градинка, спортска сала, фудбалски терени, така да имат комплетни содржини, а таму каде што сме малку поназад во овие села кои што ги спомнавме, ќе одиме нормално тоа што е приоритет патот, асфалтирање, вода, канализација. Пред малку спомнав дека Владата ќе земе 55 000 000 евра. Сите тие 55 000 000 евра кои што ќе бидат насочени за канализација и водовод. Јас дадов налог и на Комуналец и на Општина Кавадарци преку 30 проекти ќе аплицираме за изградба на канализациона и водоводна мрежа во секое можно село што можеме да ги постигниме со тие средства. И приградските населби како Моклиште, 12-те деца тоа е проект од 600 000 евра, кои што ги аплициравме во ЦМРС Словенската Влада. Мислам дека ќе биде одобрен за изградба на водоводна, канализациона и фекална канализација, односно фекален колектор. Така да со тоа ако постигниме да го дигниме нивото на тие сите села кои што ги спомнавме тука и со вклучувањето сега на јавниот превоз до секое село, мислам дека нашите села ќе бидат многу, многу достапни. Само една информација, паушална ми е информацијата, не ми е од анализа, него вака од сограѓани, со пријатели дека со носењето на водата во Брушани и Брушанско, со пуштањето на системот на водоводот повеќе од 20-тина семејства, сега ова пак ќе кажам е паушално веќе одлучиле фамилијарно да живеат во делот на Брушанскиот Залив, Брушани итн. Така да тоа е еден добар знак и погодок дека не мораме сите да живееме во централната средина, ако имаме добра инфраструктура, си патуваат луѓето, си функционираат и тоа ќе ни биде приоритет за да можеме селата и руралните средини да ги дигниме на што повисоко ниво.

СОВЕТНИК АЛЕКСАНДАР МУКАЕТОВ: Почитуван Претседател на Совет. Вака би сакал малце една реплика само до Вуко Мелов. Убаво кажа дека во Валандово бесплатна е градинката, но би сакал да каже колку деца има во таа градинка и колку вработени има во таа градинка и мислам дека не убаво да се манипулира со кавадаречката јавност, бидејќи убаво спомна он во Валандово е без пари, но таму има вкупно од 150-200 деца, а има од 60-70 вработени во градинката. Значи тој Градоначалник треба уште да му плаќа пари за да одат децата во градинка. Кај нас има над 1500 деца и има 200 вработени. Значи да не се манипулира со јавноста дека негде се без пари, а негде се со пари. И околу со лажните доаѓања на власт мислам дека срамота е вие па да кажувате, бидејќи вие се колневте дека нема ни име, ни ништо да смените и така дојдовте на власт . Мислам дека треба да објасните пред кавадаречката јавност. Не само ти одговарам на лажните вести од Валандово.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Претседателе ние тука имаме точка Квартален Извештај или меѓународна политика. Не ја почнав јас. Јас одговарав на реплика на Градоначалникот и мене може некој да ме прекинува како советник, заради тоа што не доаѓам од вашата политичка партија, а заради тоа што сте соопартијци него не можиш да го прекинуваш кога излегува надвор од точка на дневен ред. Така. Зошто не го прекина сега. Прашањето ми е зошто не го прекина сега. И како може Градоначалникот да ти диктира како да ја водиш седницата. Како почнува он да се жешти ти ми го гасиш копчето. На секоја седница е така. Одговорете ми ве прашувам зошто на секоја седница само јас сум прекинуван. Зошто ме прекинуваш постојано и зошто ти како Претседател на Совет наместо да си према сите ист, ти имаш селективен пристап, према едни еднаков пристап, према други друг пристап. Одговори ми. Јас сум 100 % сигурен дека ми го изгаси телефонот. Микрофонот. Микрофонот ми го гасите и постојано дофрлате. Друга работа. Колега Општина Валандово е помала општина од Општина Кавадарци. Нормално е дека ќе има помал број на деца, кои што се запишани таму. Нормално е да има помал број на запишани деца. Тоа е една работа. Втора работа. Па ти кажав дека тоа е инвестициите кои ги праве МТСП. Втора работа спомињаш тука име, презиме, па ваши пратеници бе колега гласаа за уставните измени. Ваши гласаа за уставните измени. Градоначалникот повикуваше да се гласа на референдум.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитуван советник, почитувани советници воопште на никој советник досега насила му го немам одземено неговото право на дискусија и неговото право на говор. Значи на никој досега тоа му го немам направено. Тоа е моето гледиште. Како што јас седам тука и тебе те слушам, еве ти си дофрлаш од страната и тоа си е твое право и тоа си е твој начин на култура и начин на восприемање на демократијата. Али јас тука не сакам да навлевам. Едно мое гледиште што лично јас сметам дека како генерација еве пред се, после 30 години независност на нашата држава е тоа дека делењето на централната и локалната власт сега во вакво време кога централната власт е на едната политичка опција, а општините се на другата политичка опција, од каде што јас припаѓам за добробитот пред се на општините и на локално ниво за функционирањето треба да има една симбиоза. Јас знам дека Општина Кавадарци е голем партнер на сите јавни институции што се раководени од менаџери од централната власт. Ќе одам и еден чекор понатаки. Ниеден наш советник, од советничката група на ВМРО ДПМНЕ нема злоупотребено, нема наговорено, нема злоупотребено лош начин на функционирање према ниедна јавна установа, што сметам дека тоа е доблест. Во однос на формирањето на проектите капитални за кои му спомнавте на Градоначалникот, не дека сум негов адвокат, ќе ви одговорам дека изборните програми за градоначалници и на вашиот кандидат беше малтене иста со нашиот. 80% во глобала беа исти. На крај краева кога се оди на избори, на избори се оде за да се убедат гласачите. Сметам дека изборните програми се од секој кандидат за доброто на граѓаните. Ниту вашиот кандидат за Градоначалник г-динот Горан Тодоров немаше желба ако беше избран да не се реализират. Секој кога оде во изборниот ринг, се натпреварува за доброто на Кавадарчани. И Градоначалникот претходно Градоначалникот Александар Панов и Панчо Минов и сите претходни градоначалници. Кој се натпреварува во рингот, кој сака да биде Градоначалник, а да не постигне добри резултати. И заради тоа што Кавадарци има една таква траекторија уназад со раководење на оваа институција Општина Кавадарци мислам дека имаме и прекрасен развој. Сега одиме чекор понапред, последните 4-5 години транспарентноста на Општината и восприемањето на јавното мислење према Општината, мислам дека е на највисоко ниво. Ние не се срамиме да кажиме дека претходниот Градоначалник наш беше 8 години и сега од што наредниот 8 години што дојди дека тоа е лошо. Наредниот после

него уште подобар ќе дојде. Дај боже. Али секоја генерација што иде треба да ја воспреаме демократијата на малку повисоко ниво. Јас знам дека во жештината на говорот може на некој начин да се направат и одредени, поразлични гледишта што овој храм на демократијата не ги трпе вклучително ете и промена на име, ете од мојот соопартиец ќе почнам, кој учествувал, вклучително и груевизмот што го спомна, искрено мене тоа ми рече. Јас не го бранам Александар, а тебе те окривувам. Значи тука со такви изјави Општина Кавадарци и граѓаните нема да имаат корист. Граѓаните ги интересираат дела, дали тие дела ќе ги направат, централната власт каде што се проектирани самите капитални инвестиции. Кешки да биде така. Еве јас прв ќе ги пофалам. Значи при секој мој јавен настап сите дела што се восприемани и што се дадени од централната власт, никогаш не ги делам. Ама нема да дозволам како и функционер кој моментално е Претседател на Совет или советник, бидејќи носиме и лична одговорност, па да ги напаѓаме јавните институции или централната власт каде што нема мегдан, а напротив да забележиме дека како што вие имате забелешка така и ние имаме, меѓутоа што фајде обичниот граѓанин од сето тоа. Зошто да не веруваме дека тоа што е планирано и тоа што има цел дека нема да се реализира. Вие имате сомнеж во се. Јас немам сомнеж. Дали си ме слушнал мене некогаш на говорница да имам сомнеж за централните политики на Владата. Значи мене ме интересира Општина Кавадарци. Слушај Вуко. Значи прво една работа. Прво треба да ги почитуваме институциите да ја сакаме државата. Значи кешки пратениците од Собранието да направат дела за Кавадарци. По тоа ќе се памтат. Еден куп пратеници биле и поминале. Како што и ние сме минливи и менливи. Утре други ќе дојдат. Работата е што ќе направиме за Кавадарци, а инаку во однос на говорот почитувани советници верувајте дека никој, ама на никој во текот на оваа година не му е присилно одземен говорот. Ако некогаш во жештината на говорот има притиснато, јас лично се извинувам, али намерно на некој да му го одземам зборот верувај дека тоа не ми е цел на функционирање на говорот. Ако нешто такво направам еве јавно ви се извинувам. Од мене толку.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Почитуван Претседателе, Градоначалник, советници, медиуми и јавност. Прва седница оваа година и жустра расправија Претседател на СДСМ Кавадарци, Претседател на Совет и Градоначалник. И они тројца ниту си бараат збор, ниту ништо, туку си прават муабет како да се во

чаршија. Што сакам да кажам. И едните и другите заедно се 12 000 гласа. Кавадарци е 40 000 гласа. Значи ако гледаме по тоа што на претходните избори овие две партии имале 12 000 гласа, едните 4, другите 8. До 40 000 се оние што народно или малите партии или независните и сега водиме кампања за дали ќе има избори, дали во година или оваа година, а на почетокот на годината кога ги гледавме програмите дискутираме само за програмите. Претседателот не му дава збор на Градоначалникот, он вика јас ставам, си става и си зборува. Овој не смее да му рече ништо. Градоначалник не е добро. Почитувај го Претседателот. Вукето е осамено, вие двајцата го притискате и оно како исплашено нема кој да го бране. Другите советници гледаат циркус. Ај да се договориме да работиме. Колеги ај да се договориме да одиме по точките на дневниот ред. Многу е рано за кампања. Значи двете струи што имат 12 000 гласа. Кавадарци е 40 000 луѓе, и тие другите 30 000 луѓе сакаат да гледаат како овие две партии се караат. Така. Сега се програмите, рано е за кампања. Од сега ако почниме до Нова Година до избори, или до другата Нова Година треба да се исколиме. Претседателе тоа што е по точка, по програма и не му давај збор и на Градоначалник, ни на некој 10 пати да излегува. По еднаш се излегува, по два пати, колку што држи вода. Како може без збор некој да ти стане и да ти збори од страна и да не реагираш. Дај пауза и ќе се договориме. Јас се извинувам што морам така, ама јас сум тука најискусен во тие работи.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници точката ја ставам на гласање . Тоа е 3. Квартален Извештај за извршување на буџетот на Општина Кавадарци за 22 година- 4 квартал . Кој е за. 13 за, 3 воздржани, 1 против.

4. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. 13 за, 4 воздржани.

5. Предлог-Одлука за донесување на Детален урбанистички план за УЕ 14, Блок 14.3 и дел од Блок 14.4, „ваташко игралиште„ КО Ваташа, општина Кавадарци плански период (2020-2025 година);

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Во однос на начинот на кој што се донесуваат деталните урбанистички планови, мислам дека треба да им дадеме малце поголема јавност на целиот процес и поголема презентација во однос на она што се планира, бидејќи деталните урбанистички планови во суштина ги уредуваат местата во кои што ние живееме, а јас мислам дека многу мал број на граѓани знаат и се информирани за тоа како и што се прави во Општината, односно во градот и затоа ни се случуваат процеси каде што има еден масовен процес на бетонизација на градот и при разговори со граѓани, граѓаните не се информирани, на пр. во однос на зградите кои што се прават во новиот центар. Исто така ние како советници, кои што ни ги стават овде како точки на дневен ред деталните урбанистички планови, се молиме со администрацијата да ни ги даде на секоја седница, па да ни даде скица, па не сака да принта. Зошто е, што, криеме нешто. Еве го деталниот, ама го немаме како материјал. Мислам дека со цел граѓаните да бидат информирани, мислам дека треба да се даде поголема јавност, јавните расправи кога се организираат, по закон мислам дека треба да му се даде поголема јавност, во дел на медиум. Мислам дека истите треба да бидат објавувани и на официјалните страни, деталните урбанистички планови, графички приказ се со цел да знаат граѓаните во одредено место на живеење што и како се гради, да не се доведуваме во ситуација да гласаме одредени работи. Ние имаме потешкотии да видиме што и како се носи во тој план, а не пак обичните граѓани.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Едно мало појаснување околу носењето на деталните планови и урбанистички планови, локална документација и инфраструктурна документација. За секоједен детален план кога се носе Правилник е воспоставено од пред две години во Општина Кавадарци, покрај тоа што секој медиум е известен за јавната анкета и оде кајрон, оде повик, оде на официјалната страница на Општина Кавадарци, од пред 2 години имаме Правилник во комплексот кај што се носе Деталниот План нашите службеници на секоједен му носат лично покана за јавна расправа, со доставница, потпишано од имателот на сопственоста на земјиштето или на куќа или на зграда во самиот кварт каде што се носе планот. Така да поголема транспарентност од тоа амин. Не може јас да му носам покана на некој од Глишиќ за план во Ваташа, само каде што ги тангира луѓето кои што имат сопственост во таа зона. Друго. Јавната расправа се прави со една единствена цел, да луѓето кои се иматели на земјиште

се произнесат дали сакат развојна компонента во нивниот имот. Не се праве за друго јавната расправа. Не можеш ти да расправаш за мојот имот или третиот да расправа за четвртиот имот. Јавната расправа се прави во твојата парцела дали сакаш зголемување во катност, обем, нова градба, доколку тоа е издржано законски според критериумите кои се впишани во делот на урбанизмот. Ние само еден пример ќе ти кажам за детален план кој сеуште не е донесен. Тоа е детален план Парк, нагоре од стадионот Тиквеш. 175 странки имавме на детален Парк. Тоа не се случува никаде. Порано деталните планови се носеле со 4, 5 странки заинтересираност. Значи буквално на секој му доставаме со доставница, доставница потпишана дека е известен. Сега со сила никој не може да го натераме да дојде. Интересот на јавната анкета, пак ќе потенцирам да ги следат граѓаните тие и поканите да ги земат за сериозност . Зошто. Затоа што учеството на јавната анкета е он неговиот имот да си го заштите и да си побара доколку законски исполнува зголемување на градба, развојна компонента на градбата или вклопување на некој друг објект, а нормално урбанистите и проектантите и иницијаторот на деталниот план заедно со другите институции ќе утврдат дали таму има можност за проширување. Секој детален план се носе врз основа на претходно активен генерален план. Генералниот план, генералните намени ги дава, и во делот на катност, во делот на компактибилност, во делот на намена А, Б, Ц, Д,Г, било која зона. Така да деталниот план е само шминката на урбанизацијата. И со она бетонизирањето. Добро бре Вуко, бетон кога се троше, убаво е. Имаме фирми градежни со над 1200 вработени во Општина Кавадарци. Имаме фирми што прават бетон, не го зимаме ни бетонот од Африка. Како ова го бетониравме Кавадарци. Не вака ќе кажиш. ВМРО ДПМНЕ и Митко Јанчев си ја бетонира позицијата. Со работа. А далеку дека градот е бетониран. Гледај што убава трава има, дрвца, трава, систем за наводнување, шеталишта, играчки, 20 игралишта направивме за деца, фудбалски игралишта реконструирано, еве ја трибината се привршува, Јасмин реконструиран, во Глишиќ се праве фудбалското игралиште, зелени површини незнам колку, незнам како, абе не можиме да докосиме. Толку многу имаме што не можеме да искосиме. Значи буквално земи ги податоците. Земи ги податоците на зелени површини. Еве го Директорот на Комуналец, нека ти ги каже колку се. 100 пати ги кажуваме истите. И по број на грмушки и цвеќиња и дрва и паркови и зеленило и травници ние сме N1. Далеку од бетонирање,

далеку од бетонирање. Не ти лепе таа работа. Барај начин советниче. Барај начин како да го решиме Новиот Суд, т.н. Новиот Суд, кој што треба да го отстраниме. Барај начин како да го решиме т.н. Младински од 79-та и т.н. Пионерски Дом, од петокраката на Југославија, кои што се споменици бетонски останати во Кавадарци од времето на 80-та година и тоа да знаиш 23-та ќе ги решиме да, да ги бетонирам, да ги рушиме тие и таму еднаш засекогаш тоа да се оплеме, да се изграде урбана средина, да заличе како што треба, а не во влез на град како во Вуковар да влеваш, волкава зграда оставена 40 години бетонска конструкција, нечепната. Така да урбанизацијата е транспарентна. Секоја забелешка е прифатена за урбанизацијата и имаме и ние прекинато урбанистички планови кога самите граѓани кои што котираат на тие планови, не сме ги прифатиле ниту на иницијатива на комисија. Многу е ова исфилтрирана работа. За да стигне до оваа фаза овој детален план, не овој, било кој, тоа ти е работа од 2,5 години, од иницијатива, па до носење. Нема институција која што не е вмешана внатре. Од Комуналец до МВР. Сите комплетно. Така да урбанизацијата е единствен начин да направиш град. Без урбанизација, нема град.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: 2017 година Градоначалник го почнавте мандатот или 2018, не се сеќавам точно со еден протест од страна на Невладин сектор кој што се бунеше против изградба на згради во Градскиот парк. И тогаш и јас бев присутен тука и викате вака Види Детален план е донесен 2013-та година и јас не можам ништо да направам, во однос на тоа прашање. Сега носиме детални урбанистички планови без граѓаните да бидат уопште информирани и после тоа вие или некој друг после вас ќе дојде во иста позиција и ќе каже видете вие мене ми се врзани рацете, јас не можам ништо да направам по однос на оваа работа, а станува збор некогаш за точки кои што се доста сензитивни во градот. Општина Кавадарци е една од најзагадените општини во државата по амбиенталниот воздух го знаете тоа. И точно е. Една од најзагадените. Точно е тоа по податоци од страна на МЖС. Точно е тоа. И еден од клучните причинители, затоа ова е доста актуелна тема во Град Скопје, Заради тоа што експанзијата на изградба на згради во одреден временски период се одвивало онака како што сега се одвива во Општина Кавадарци. И што е спорно тука тоа да го потенцираме и да го кажиме. И кого браниме ние. Бизнис интересот или јавниот интерес. Зошто тоа мислите дека на одреден детален урбанистички план не треба да му се даде

некоја поголема форма на транспарентност. Зошто мислите дека некој граѓанин што не живее во одредено место, не треба да биде заинтересиран за начинот на кој се уредува градот. Заради тоа што тука станува збор за јавен интерес. Јас стојам на тоа дека може да се подигне транспарентноста во однос на овој дел. Да не се доведуваме во ситуација да луѓе не прашуваат од каде испаднаа овие згради кои што се градат во Новиот центар. Не знаат граѓаните. Ок. Веројатно сте ги поканиле, меѓутоа не знаат. Верувајте ми дека не знаат и ме прашуваат секој ден.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Сакав само малку Градоначалникот да го реплицирам, не злонамерно, него Градоначалник факт е дека се работи, дека се гради. Од фактите не се бега, ама и факт е дека неколку пати и на само кога сме биле сум ти кажал обемот на градот е тој и сега зголемуваш и зелена површина и бетонирање и градење. Од кај наоѓаш површина. Површината е таа на штета на едното треба друго да расте. Дали можеш тоа да го објасниш. На мене не можиш, но дали можеш на овие советници. Уредуваш паркови, волумен на кислород и дрва се уредува во рамна површина и тоа е некоја нормална работа. Али дека двете работи растат и улиците ги правиш и бетонираш згради и зеленило во истиот обем јас не знам. Дали можеш на советниците да им кажиш како. На мене знам дека не можеш.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Советниче значи. Само прво да го демантирам........и ви дават материјал. Второ нема поголема транспарентност од тоа што ние сите ги известуваме за носењето на ДУП. Трето советниче Ристо секој урбанистички план кога се носе има критериуми колку може да има изграденост на А2 колективно домување. 20 %. Колку може да има А1 станбено домување, примерно 15%, Б комерцијални објекти 30%, зеленило 25%. Ниеден урбанистички план, еве погледнете го овој план, има предвидено и зеленило и улици и место за градење. Не постое урбанистички план кај што нема, тоа е уредено, однапред уредено со маркица за градење И ти градиш таму каде што има маркица за градење, не градиш во делот каде што нема маркица за градење. Така да проширувањето на градот и градењето и тенденцијата на градење никој не може да ја забране и да ја успоре. Секој добро развиен град, развиен град има потреба од развојна компонента. Вие дали имате информација дека во моментот во Кавадарци се бара плац плус за куќа. Нема. Ние треба да го шириме Генералниот План и работиме на тоа заедно со комисии заеднички за индивидуално домување да донесиме проширување на Генералниот План, па

детални планови за индивидуални маркици. Не сака секој да живее во стан. Има некој што сака во куќа да живее. Бел Камен населбата што ја спомна, која што ја уредивме минатата година 27 одобренија за градење се извадени само ланска година за градење на индивидуални куќи. Има потреба. Ако нема потреба никој нема да граде. Значи пазарот си бара и нормално дека ако вас подобро ви изгледаше Новиот Центар со таа рушевината што ја имаше таму и депониите кај што беа, супер. Нема да изгледа тоа депонија, ќе изгледа уреден кварт и со зеленило и со детски играчки и за спортска сала има предвидено итн. И уште нешто да ви кажам. Секој детален план определува место за градинка, место за образование, место за парк итн. Само да ве потсетам у Глишиќ каде што живеевте вие советниче имате 25 000 м2 земјиште со Детален План определено за школо, немаме потреба за школо, Министерството нема намера да го граде школото, а плацот го држиме и не смее никој да го чепне, без разлика што е приватен. Исти плац таков имаш од 10 000 м2 пред Силекс зградите. Ист таков плац имаш во делот на Коњските Дупки.Така да не е ова измислјотица. Ова е закон. Не може на Митко да му текне, на Ристо или на Петко. Си работиш по закон и немаш никаков проблем.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Не е реплика него нека биде муабет како он што праве муабет. Градоначалник вака гледај ме. Ќе те почекам да завршиш со телефон, да ти објаснам. Веројатно не ме разбра.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Само за информација. Вчера на Комисијата убаво беше објаснато дека делот кој што го гледаме како згради, пошто јас и да го видам, еве реално да кажам не ги разбирам урбанистичките планови и убаво ни беше објаснато. Тој дел е дел каде што моментално сега е шут, ѓубриште, има неколку куќи од привремени не знам какви се и градби и треба да му објасниме и на медиумите и на целата наша јавност дека тоа ќе се расчисте тоа ѓубре таму што е со донесувањето на овој ДУП. Не се работе само да се кажува дека се правело бетонирање или бетонизација на градот, а ќе се прошире делот од патот каде што ќе биде проширен, тие едни тука што се соблекувални за Габер ќе бидат рушени, ќе се пробие и не знам кој од нив, колку знаат таму какво ѓубриште е и колку шут е таму по тија пат. Тоа сето ќе се урбанизира и ќе се среде. Не знам зошто да имате против нешто што е сега моментално не е убаво за изглед и нема никаква намена за користење, да се направе и да се

урбанизира, кај што има и зелена површина и уредено сето ќе биде. Толку.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ:.....Не е ниту намален градот, ниту зголемен и сега во овој дел на градот имаш погрешено. Имаш површина зеленило и објекти и кога излегуваш да ги лажеш овие другите им викаш зголемив и зеленило, зголемив и комунална изградба. Двете работи Градоначалник не одат. Едното ако го зголемиш, другото само по автоматизам намалува и тоа ми беше прашањето нив да ги убедиш дека е тоа така, дека двете работи растат. Мене не можиш да ме убедиш. Е ти коментираш ми кажуваш урбанистички. Само вака момент. Ми кажа што си направил детални урбанистички планови, тоа ми е мене јасно од тебе повеќе, многу повеќе. Да те испровоцирам за да почниш надвор од градот да правиш населби или да правиш нешто во денот да не копам една улица 50 пати, сега оваа улицата што ја копавме пред полиција 5-ти пат ја копаме и 6-иот пат, па ќе биде за гасовод. Значи да бидеш уште поуспешен сакам. Провокација е ова. Не е сега дека ти не знаеш дека 4 и 6 се 10 и 5 и 5 се 10, а на нив им викаш се 15 и они викат се 15 и толку се. Не ги вреѓам советниците. Градоначалник да си кажеме отворено. Обемот на градот е тој. Ќе бидам воздржан. Не Претседателе сега Градоначалникот да го исилиме да почне и малку и периферија да праве, пошто сега како ќе ме убедиш мене дека зголемуваш и зеленило и комунална изградба, кога едно треба земиш ,на основа друго да оштетиш. Не е ова напад према Градоначалникот, оти може да праве повеќе и да се заангажира како што прават Скопје на дополнителна населба, со подземни тунели, со подземни каблови, да биде уште подобар. Не ми е целта јас да го омаловажам Градоначалникот. Ако сакам да го омаловажам. Само уште овој збор Претседателе. На избори вие имавте 12 000 двете партии, тој имаше 15 000 . Значи вие сте ¾ од него сите заедно СДСМ И ВМРО. Мене и оваа Левица извади ме. Еве пак ќе го фалам. Еве и тој факт. Не може да бидат 15 000 гласа помалку од 12 000. Како што може и зеленило да зголеме и асфалт да зголеме. Како ние да сме од небото паднати.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Видете господа ние имаме точка за ДУП заВаташко игралиште КО Ваташа. При донесување на ДУП и ГУП кои знаеме дека се посебно Генералните се донесуваат еднаш на 10 години. Прилеп нема донесено 5 години уназад и кај нас во Кавадарци треба да размислуваме како нов ГУП да си донесиме. При донесувањето на Деталните и Генералните

урбанистички планови тоа не е по желба на Градоначалникот или на советникот или на Претседателот на Совет. Си има законски, правни регулативи кои ги одобрува Министерството за транспорт и врски. Ама не е дека некој оде на опција на бетон, а ја крате травата. Само на кратко. Да не влеваме во некој рационален начин на конверзија, малце да се издигниме и да го поштуваме правото и законот. Ако ДУП е донесен од институција под ингеренција на нашата држава, мора да веруваме во неа. Тоа не е дека Митко сакал да има повеќе згради, а да нема зеленило и он е крив. Ама Деталниот Вуко Министерството за транспорт и врски ти го враќа назад.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Не манупулираме, само. Абе Ристе еве од кај дојде зеленилото.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ:...... и нема да згрешиш и викаш 70% од површина треба да е објект, 30% или 25% треба да е зеленило. Ни најмалку мислам дека можеш да згрешиш, затоа што работиш со тим на луѓе и тоа е добро. Проблемот е тоа што ако дава градбата 70%, ако сакаш да бидеш уште подобар Градоначалник прави ја градбата 50 и зеленило 50. Пошто Кавадарци периферијата има простор , ама Кавадарци ни е најзагаден град, тука е топилницата. Немој да одиш до крајни граници 15% зеленило и да биде точно 15%. Нека биде 50-50. Ако сето ова што е направено, една нова населба околу Кавадарци. За тебе е подобро. За мене веќе, јас сум ветеран. За мене е завршена работа и сега немој да ме убедуваш.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Не те убедувам само да ти одговорам на сите прашања што ги постави, да ги расчистам. 369 лимени гаражи ги тргнавме од Град Кавадарци, види колку квадрати била една гаража и за сета таа квадратура се постави зеленило. Ако не се сеќавате слики, има снимки. Ќе ви ги пратиме. Солунска Глава се оплемени со зеленило. Силекс зградите со зеленило комплетно. Бел Камен со зеленило. Игман со зеленило. Цветан Димов зеленило. Киро Крстев паркот, депонија беше со зеленило. 12-те Деца беа напуштени со зеленило. Кочо Рацин со зеленило. Белка зградите со зеленило. Нема ни едно парче место што беше претходно депонија, што беше кал, што беше шут што не го оплеменивме да биде во функција на зеленило. Во делот на Вуко што вика Кој го праве планот. Значи вака. Секоједен план ако има јавен интерес да градиме градинка, школо, моло, може да биде иницијатор Општината во еден план,доколку во еден нема јавен интерес, иницијатор му се појавува приватно лице кое што задолжително мора таму да има имот. Не можеш ти да правиш

план, ако немаш имот во таа парцела и наша работа е комисиски да ја прифатиме инцијативата за промена на планот. Овој план сега го донесив. За недела дена инцијактира некој промена на планот. Ние нема да ја прифаниме, затоа што овој има важност, максимално еден урбанистички план има важност од 5 години. После 5 години мора да донесиш нов Урбанистички План, затоа што не важи. Потрошен материјал е ова. Потрошен материјал. Планот дава инцијатива прватен инвеститор преку биро, кое што проектира, не е битно кој, Општината го прифаќа, влегува во систем на е-урбанизам, систем за цела држава, одтука почнува ажуриран, подлога прво се праве и тоа што вика советникот да намалиме зеленило од 30, да зголемиме на 50. Не можиш. Имотот е неприкосновен. Не можам јас твојата парцела да ти ја нацртам зеленило бре шефе. Твоја е таа. Како да ти кажам.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник не ми кажа по кој основ зголемуваш бетонажа, зголемуваш зеленило.

ГРАДОНАЧАЛНИК Не можам да се разберам со тебе. Оваа година 17 000 м2 е зголемена тревната површина. Оваа година само. Вкупна тревна површина во Општина Кавадарци има 130 000 м2, што го коси и одржава Комуналец.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, Претседател на Совет, колеги советници, медиуми, присутни и почитувани граѓани на Општина Кавадарци. се јавив за збор од проста причина да му кажам на колегата дека изградбата и бетонизацијата што ја зборите, односно изградбата на зградите е на веќе постоечки катастерски парцели на кои веќе имало куќи, сега се бара да бидат згради и нормално е тука всушност воопшто не станува за намалување на зелената површина и затоа не ти е јасно колега како настанува зголемувањето, што значи врз истата парцела во која што имало бетон, си стое бетон, не се праве трава, значи таа парцела каде што граѓанинот побарал од куќа за домување , да биде станбена зграда, си прераснува во станбена зграда, која што има катност од 3,4, 5 ката итн., што значи дека тука ние немаме одземено зелена површина и намалување на зелените површини. Напротив има зголемување во тој дел таму каде што можеме ние да зголемиме како зелена површина. Што се однесува до транспарентноста на овие урбанистички планови, значи јас колку сум информиран, континуирано има огласи на локалните телевизии, дека има објави за детални урбанистички планови. Еве на телефонот ја отворив страната на Општина Кавадарци каде што вика вака ДУП за дел УБЕ 10.5 Народен Фронт КО Кавадарци

Јавен повик за организирање на јавна презентација ДУП итн. кој што ќе биде изложен од 1-ви февруари и ќе трае 30 дена до 2-ри март и тука вика ги покануваме сите заинтересирани лица, граѓани, невладини организации итн, итн, на увид на овој ДУП. Така да мислам дека во овој дел на транспарентноста максимално се држе до Општина Кавадарци до транспарентно работење во овој дел.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Вчера ни беше Комисијата за урбанизам на која се разговараше како и сега за катастарската парцела. Во овој момент таму е дива населба. Станува збор за ромски куќи кои што како што спомнав и за парцелата кај социјалната зграда. Значи претставува социолошки проблем. Веројатно треба ние да најдиме начин за решавање, освен тоа што е пристапот на Градоначалникот да го прилагодиме ДУП-от за таму, за згради за после Ромите како знаат и умеат. Во овој случај нема одземање на зеленило. Еве и тоа да му го предочиме на граѓаните, има одземање на 10% од самото игралиште, кое што понатаму е супституирано во парцелата околу зградите кои што ќе се градат. Не станува збор за 3,4 спрата. Тоа се 5 спрата и приземје, така да можеме да кажеме дека се 6 спрата. Е сега јас ќе гласам против. Зошто. Заради тоа што не верувам дека таму има простор, капацитет, инфраструктурно за толку многу станови од една страна, од друга страна станува збор за кеј, многу повеќе би ми било драго кога таму би имало некој парк или за анимација на младите или слично, отколку згради и заради тоа што претставува социолошки проблем јас ќе гласам против.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Значи тоа е добро и ме убеди ти дека ако било куќа се прави зграда. Тоа е ок. Сега конкретно тоа е прашање. Некаде каде што имало зграда, како што беше на ИГМ Монополот ги сруши зградите и ако садиме трава, тогаш намалуваме во градба , зголемуваме во зеленило. Површината е таа, не се мења. Проблемот е во тоа што ние ги зголемуваме и зеленилото и градбата, не можеме тоа. Не е изводливо технички. Тука ми беше зборот и тука е провокација до Градоначалникот наредниот период да граде надвор од градот, да се прават и надвор улици и зеленило, да бидеме поразредени, да не сме збиени. Ме сфаќаш што ми е целта. Целта ми е дека треба да почниме да градиме надвор од опфатот на градот, да биде некоја модерна населба. Тоа го имаше Скопје како проблем. Овие помладите не знаат и Скопје донесе една одлука да прават нови населби Аеродром, Кисела Вода и малку да има провев. Ние сега влеговме

во обемот на градот да градиме. Тоа е грешка, али направена е. Од сега натаму треба да градиме во периферија и надвор од градот да правиме нови населби со нова инфраструктура, ради тоа што јас мислам дека Градоначалникот има капацитет за таа работа и затоа го провоцирам да тргне во тој правец. А дека он ќе ме убеде мене во површината дека и двете работи наголемуваат, тоа е илузија за мало дете од 5 години, не па за мене, па советникот ме убеди дека е така.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Прва работа мислам дека стварно нивото на дискусија е на нула паднато. На нула е паднато нивото на дискусија. Јас Ристе не ти се лутам, ако ме навреѓаш, навредувај ме, тоа си е твој начин, еве и Градоначалникот ме навредува на иста основа Млад си дете, не разбираш ништо. Ме имаш навредено. Денеска не. Не ви се лутам, еве вреѓајте ме слободно. Слободно вреѓајте ме. Не е тоа проблем. Проблемот е да разговараме овде за оноа што претставува интерес на граѓаните и на јавноста. Градоначалник да не бидеме наивни, па ти имаш сектор тука урбанизам, без кој сектор не можиш ништо да работиш, ништо не можиш да функционираш. Еден од клучните сектори во Општината. Сега да ме убедиш ти дека приватно проектанско претпријатие само ги праве деталните урбанистички планови или приватен инвеститор без да има контрола од страна на Општината и без Општината да даде одобрение да тија план продолже во следна фаза. Тогаш зошто сме ние тука. Ние можиме денеска и да го вратиме тој план и било кој друг план. Така. И мислам дека за работи кои што се од интерес на сите граѓани, мислам дека треба да има една поголема презентација во однос на она што се гради. Јас не гледам проблем ако денеска граѓаните знаат дека има Детален Урбанистички План, да биде објавено тоа по медиуми, во социјални мрежи и да се знае дека на тие парцели се граде зграда од 6 ката. Што е проблемот во тоа. Колега друга работа да ти кажам тебе. Во однос на бетонизацијата, бетонизацијата не значи само уништување на зеленило и изградба на зграда. Одете во скопските општини, видете. Купуваат парцели приватни инвеститори, купуваат парцели кај што има куќа ли, не знам нешто друго или државно земјиште, прават промена на ДУП и креваат зграда од 6, од 7, од 10 ката. И прават бетонизација, пошто е сконцентрирано на едно место. Зошто мислиш дека тоа не е проблем. И на крај Градоначалник, бидејќи планот трае 5 години, јас овоа еднаш го имам разговарано ако еден ДУП трае 5 години, наредниот пат ние можеме истиот да го смениме така. Ако има нешто, што е грешка

и што е спорно има механизам да се закоче, а тоа е да не се даде градежна дозвола. Така. Може да не се даде градежна дозвола и има такви примери во одредени скопски општини. И на наредно гласање на ДУП се избрише маркица за зграда, се ставе парк пример. Бидејќи ние тука го уредуваме просторот на живот. Тимчо Муцунски ви е сопартиец и Потпреседател, на почетокот на мандатот избриша градежна маркица на изградба на зграда, стави парк. Повеќе. Значи може. Проблемот е дали имаме ние волја или сакаме да наметниме еден бизнис модел како што кажа и советникот од Левица повеќе милуваме да ја негуваме бизнис заедницата, да си го бетонизираме градот за сметка на штета на граѓаните на Општината, на општата јавност.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван колега јас само на кратко да ти одговорам. Ама воопшто не ме тангират скопските општини. Јас сум избран од граѓаните на Општина Кавадарци и ги застапувам интересите исклучиво на граѓаните на Општина Кавадарци и тоа е моја задача. Не знам зошто мислите дека многу ми е битно. Јас кога зборевте вие бев културен и ве сослушав, ве молам. Другите кои ве прекинуваат слободно може да ги прекинуваш. Она што ми го збориш, со тие општини сакаш да се споредуваш. Значи во Кавадарци се шире градењето, не се бетонизира во тесното централно градско подрачје. Значи имаме изградба на станеви кај Хотелот Фени, изградба на станеви кај Спортското игралиште. Значи тоа таму на времето беше ѓубретара. Значи кој како ќе стигнеше, таму фрлаше смет, ѓубре и беше на влезот од градот, буквално како некој отпад да стое таму, под спортскиот терен, кај што се градат зградите, значи таму всушност беше тоа мрак да се помине и да ти е страв. Сега со овој дел кога се прават згради, напротив тој дел од градот ќе добие дури уште поголема вредност и уште поголема убавина. Бетонизацијата што ја прават другите општини, кај нас ја нема. Значи не станува збор за бетонизација. Ние збориме за развој.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Во скопските општини одредени градоначалници во најголем дел од вашата политичка партија или коалициони партнери исто така се грижеја за интересот на граѓаните и стигнаа таму каде што стигнаа. Јас само ти давам пример за одредена тенденција по која се движе Општина Кавадарци. Не ти викам да се грижиш за граѓаните во Општина Аеродром или за граѓаните во Општина Центар. Грижи се за граѓаните во Општина Кавадарци. Ти ја кажувам тенденцијата и ти давам пример кој што е соодветен на тоа. Ме разбираш. Ти

давам пример кој што е соодветен на тоа. Една работа. Друга работа во делот на уредувањето на просторот. Јас не знам зошто имате денеска во однос на оваа точка потреба сами себе да се критикувате. Па 16 години сте локална власт, ми кажувате имало ваму ѓубре, имало наму ѓубре. Зошто не сте го уредиле тој простор. Зошто не сте направиле парк. Зошто не сте направиле игралиште. Зошто не сте направиле велосипедска патека. Зошто имате потреба сами себе да се критикувате дека било претходно во тие делови лошо. Трета работа. Во Новиот Центар делот на маркици за градба кои што се дадени и зградите кои што се направени од претходно, мислам дека веќе почнува густината на население кое што е таму да е више преголема. Ама така вас ви одговара Градоначалник. Вие така милувате да работите едноставно и да ги ставате интересите на бизнис заедницата на прво место.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници дискусијата нема крај. Секој си има своја вистина. На крајот вистината на народот е одлучувачка.

Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Против 5. 9 за.

6. Предлог – Програма за вршење на дејност-оџачарски услуги во Општина Кавадарциза 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитувани значи минатата година донесовме една одлука за бесплатни оџачарски услуги, која што одлука мислам се донеси како правилна одлука. Бев во координација со Александар Командирот на Противпожарната единица каде што утврдив дека одкога е воведена оваа мерка драстично се намалени пожарите, предизвикани од оџаци. Значи ако во 21-ва година имало 49, 22-ра има 29 пожари. Што значи 40% рапидно намалување, а во 23-та година само за јануари месец има 4. По години во јануари месец имало 16 21-ва, 22-ра имало 11, а 23-та имало 4, што значи дека за 2 години со оваа мерка се донесува рапидно намалување на предизвикување на пожари предизвикани од палење на оџаци. Така да сметам дека оваа програма треба да ја подржиме и да ја гласаме позитивно.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Точката ја ставам на гласање, бидејќи никој не бара збор. Едногласно усвоена.

7. Предлог-Одлука утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно.

8. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.41/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Ја ставам на гласање.

9. Извештај за реализација на Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Еве ќе ја искористам оваа прилика пред да ја ставам точката на гласање да му честитам на нашиот колега советник Ристе Сакалиев за најдобро место каратист ветеран за 22-ра година доделен од Федерацијата на карате на Република Македонија.

Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

10. Програма за работа и финансов план на ГФК„ТИКВЕШ 1930„ АД Кавадарци за 2023 година;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. 1 воздржан.

11. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно. 1 воздржан се извинувам.

12. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. 4 против и 12 за.

13. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Во однос на оваа точка минатата седница имавме ние една иницијатива која што јавно ја елабориравме тука. Немам реално одговор кој што е добиен од ЈП. Врз основа на она што ни вратиле од страна на ЈП, а тоа е дека претпријатието не може да функционира со намалувањето на периодот во кој што се наплаќа паркинг, во работни денови намалување за 1 час и во сабота ограничување до 15 часот. Е сега исто еден интересен момент. Вика поевтинува паркингот во Битола. И вика вака. На седница 27.12.2022 година по предлог на ЈП ПАРКИНЗИ

беше донесена одлука со која се изменува ценовникот за паркинг услуги во ЈП за паркирање во Битола и вика вака Зона А од 55 денари за 3 часа паркирање, значи во центарот на градот, претходно плаќале 55 денара, намалуват на 40. Зона Б од 40 денара за паркирање за 3 часа се намалува на 30 денара. Исто така ги намалуваат и дневните карти за зона А 150, за зона Б 130 денара. Па мене ми е нелогично. Еве го. Ова може јавно да го видите. Таму ВМРО ДПМНЕ има Градоначалник, ВМРО ДПМНЕ има мнозинство на Совет и не ми е јасно како они може да функционират со овие цени, а ние не можиме да намалиме еден час во работна ден да го намалиме обемот на часови на паркирање, а они можат да функционират врз основа на овие цени.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи како што го разбрав советникот со анализата со Битола. Како што кажав и на претходната седница секој град си има свое движење, чаршија и начин на функционирање. Колку што ги слушнав цените, значи Битола се свестила, дошла на нашите цени сега така. Ама можноста по час за 12 денара ја немаш така. Можноста за час во тој Правилник за 12 денара ја немаш. Колку е часот. Па тоа е друга методологија, друг систем на работа. Абе гледај тоа треба да правиме анализа. Значи ние работиме по час. Они определиле дека ако се паркираш 3 часа ти се загарантирани така. Е кај нас е по час. Ако си извадиш месечна карта за 3 часа кај нас плаќаш по 10 денари на саат. Па и овој ти вика 3 саати мора да ги платиш. Колку е кај нас дневна карта. Значи вака. Јавното паркирање после корона и после сите реперкусии што ги има во делот на опоравувањето од короната и неработењето и полициски часови и сите работи конечно одиме на пат да биде ликвидно рентабилно. Јас пак ќе кажам. Има простор за анализа и правете ја анализата. Мене тој час, нит дома го носам часот јас, нит ми значи нешто, ни плус, ни минус. Не е спорно да се дикутира само дајте да го аргументират ова, еве Таско е тука како претставник на ЈП за паркирање. Напрајте анализа. Доколку е прифатливо тоа за сите, апсолутно и јас сум да да се намале за 1 час паркирањето. Рековме во делот на

празници да биде бесплатно паркирањето, рековме да го вметниме пазарот во недела да биде платежен. Затоа што имаме ние друга проблематика. Неплатежната ситуација ни ствара неред во делот на паркирањето. Значи не е битно колку ќе биде. Затоа реков напрајте анализа, дајте ја анализата, ќе ја прифаниме, ќе ја направиме, само да не го уништиме претпријатието, а нормално да му учиниме на граѓаните. Може да имаме зимно, летно сметање. Значи апсолутно треба да се виде кога е пикот, кога е најголема искористеноста, а кога е најмала искористеноста на самиот паркинг. Ја незнам Битола си е Битола. Ние имаме 1450 званични паркинзи и врз основа на тоа треба да ги решаваме работите. Таско напрајте анализа. Еве следната седница ми се чине дека ќе биде февруари. А значи анализата е направена така, а не е точка на дневен ред. Ставете ја точка на дневен ред во февруари и ако е ок ќе ја подржиме. Од моја страна јас не би опструирал нешто што е во интерес на граѓаните. Само да се направе добра анализа, да се виде. Таму имаме 28 вработени, заедно со пајакот. Битола нема пајак пример. Друг е концептот на работа. Во Кавадарци јас ти гарантирам, јас ти гарантирам лично дека 99,5% нема пропусти во делот на наплатата на паркингот. Нејќам да ги коментирам другите општини. Кавадарци има систем каде со кеш пари ниеден оператор не допира во делот на паркирањето, или е СМС или е карта така. Прилеп има пример со парагон блок со кеш плаќање разбираш, што за мене не е во ред тоа. Абе најубаво е за некои. Мислам транспарентноста и отчетноста и овие луѓе што ги имаме на терен за да биде сообраќајот добара и пак ќе се надоврзам на муабетот Вуко како општина сме избрани од Светска Банка за најдобро регулиран сообраќај и за најдобро регулирано паркирање и затоа добиваме грант од 250 000 евра. Не е дискутабилно тој саат да се изреализира и на следна седница на Совет стајте го, усогласите го еднаш и дајте да се реше таа работа.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Градоначалник еве ја анализата. Анализата вика загуби, финансиски средства, а ние побаравме не намалување на цени, чисто да се намале

обемот на час по паркирање. Ние за цени не сме стигнале да разговараме. Гледајте какви цени имат во Битола, кој што е многу поголем град од Општина Кавадарци, а да имат пониска цена за наплата на паркинг. За 3 часа 40 денара во прва зона во централно градско подрачје, во зона Б втора зона 40 денари за 3 часа. Кај нас е драматично поголем обемот. Ама некој ако сака да си се шета може да си плате дневна карта, која што е исто така дупла пониска од вашата разбираш. Сакам да ти кажам дека други претпријатија функционират со пониски цени и успеват да функционират добро и да излезат на крај. Само кај нас е тоа проблем.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Анализата е доставена од Паркинг. Еве здравје боже на наредна седница ќе ја ставиме како точка на дневен ред и индивидуално ќе ја проследиме и ќе видиме.

Почитувани бидејќи е исцрпен разговорот за оваа точка, ја ставам на гласање. Кој е за. Значи точка 13 ја ставам на гласање. За и 5 против.

14. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

15. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион –Тиквеш-Кавадарци

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. 11 за. Против 4. Воздржан нема.

16. Предлог-Решение за разрешување на член на Надзорен одбор за контрола на материјално –финансиското работење на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

17. Решение за формирање Комисија за селекција на член на Надзорен одбор за контрола на материјално –финансиското работење на Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за.

18. Предлог-Одлука за давање согласност наИнформација, донесена од Директорот на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно.

19. Одлука за усвојување на ценовник за одржување на локални патишта на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци ;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

20. Одлука за усвојување на ценовник за одржување на полски патишта на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци ;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

21. Одлука за усвојување на ценовник за одржување на сообракајни знаци и столбови на територијата на Општина Кавадарци и за одржување на урбана опрема на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

22. Одлука за усвојување на ценовник за одржување на поплочени улици и прередување на гранитни коцки на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

23. Одлука за утврдување на висина на бод за исплата на плата на административни службеници вработени во ЈП,,Комуналец,, Кавадарциза 2023 година, донесена од Директорот на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

24. Одлука за утврдување на висина на бод за исплата на плата на административни службеници вработени во ЈП,, ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци за 2023 година, донесена од Директорот на ЈП,, ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

25. Одлука за утврдување на висина на бод за исплата на плата на административни службеници вработени во ЈП,, ГРАДСКИ ПРЕВОЗ

КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ за 2023 година , донесена од Директорот на ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, ја ставам на гласање.

26. Одлука за утврдување на висина на бод за исплата на плата на административни службеници вработени во ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци донесена од Директорот на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Едногласно.

27. Предлог- Одлука за утврдување на максимален износ на вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници вработени во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2023 година, донесена од директорот ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

28. Предлог-Одлука за утврдување на максимален износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2023 година, донесена од директорот ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно.

29. Предлог-Програма за работа за 2023 година на ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов Климе„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи не бара збор, точката ја ставам на гласање. Ве молам за гласање. 11 за. 4 против.

30. Измена на Годишен План за вработување за 2023 година на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци, донесен од директорот на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, ја ставам на гласање точката. 1 воздржан. 14 за.

31. Годишен извештај на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Кавадарци за 2022 година.

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

32. Предлог План и програма на Комисијата за еднакви можности на Општина Кавадарци за 2023 година;

Кој е за. Едногласно.

33. Извештај од Здружение на лица со телесен инвалидитет на Кавадарци-Мобилност-Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Едногласно.

34. Наративен и Финансиски Извештај за Нова година во Општина Кавадарци„Среќна нова 23-та„

Отварам претрес за оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. 14 за, 1 против.

35. Предлог-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на општина Кавадарци ;

Отварам претрес за оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Заедно со Амандманот. Доставен е и Амандманот со оваа точка. Значи заедно со Амандманот точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

36. Информација од ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена од директорот ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам претрес за оваа точка. Дали некој бара збор. Значи информација од ЈП за јавни паркиралишта Паркинг Каваадарци, Кавадарци донесена од директорот на ЈП Паркинг Кавадарци, Кавадарци. Кој е за. Едногласно.

37. Одлука за усвојување на Ценовник за користење, одржување и реконструкција на мрежата за јавното осветлување на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам претрес за оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

38. Предлог-Одлука за примање донација движна ствар– 1 (еден) автобус од Друштво за производство, трговија, услуги и превоз “КАМ СМАРК” ДОО Кавадарци и давање на трајно користење без надомест на ЈП за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам претрес за оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. 14 за. 1 воздржан.

Почитувани советници вооедно како Претседател на Совет сакам да се заблагодарам на приватната компанија Кам Смарк, која се занимава со превоз на патници за донацијата на автобус, на нашето ново Јавно претпријатие Градски Превоз Кавадарци, Кавадарци, која несебично дефинитивно ќе ни помогне за развојот на користење на јавниот превоз на територијата на Општина Кавадарци, а воедно би ве замолил и вас како советници и администрација преку начинот на вашето општествено делување да извршиме една промоција, здравје боже од 1-ви февруари ќе почнат линиите, сега само за ученици е, да го користиме до нашите работни места за да може претпријатието сега на почетокот да ја крениме свеста на нашите жители на Општина Кавадарци за користење на јавниот превоз, во моменти кога ќе има добар почеток претпријатието, ќе се намали загадувањето, користењето на автомобили ќе се ограничи на помало ниво. Така да сите да дадиме и да бидиме на висина на општествената наша одговорност.

39. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;

Ова е за Џаламарите. Бидејќи никој не бара збор. За превоз беше. Едногласно.

40. Предлог-Програма за работа на АД ГРК ТИКВЕШ 2014 за 2023 година;

Тука Претставник од клубот има. Ако имате некои прашања добро. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 13 за. 1 воздржан и 1 против.

Почитувани советници со тоа е исцрпен Дневниот ред на денешната 22-ра седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес. Благодарам на вашето внимание. Да ве информирам дека наредната седница ќе биде некаде околу 9-ти, 10-ти февруар, пред Св. Трифун за усвојување на Програмата. Така да ќе биде на почетокот на наредниот месец.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ-КАВАДАРЦИ